УПАТСТВО ЗА СОРАБОТНИЦИТЕ

Вашите ракописи треба да ги испраќате на адреса на **Македонски стоматолошки преглед**, *главен и одговорен уредник проф. д-р Ефтим Мирчев, ул. Водњанска бр 17, 91000 Скопје.*

Ракописите треба да се испраќаат во два примерока (вклучувајќи ги и сликите, графиконите и табелите), чисто отчукани на ISO A4 формат на машина, само на едната страна од листот, на кирилица или латиница, со двоен проред и лево бел раб, најмалку 3 см. За техничкото уредување на списанието Редакцијата овластува компетентно лице, затоа не правете сопствени технички и графички решенија на текстот. Ракописите треба да се пишувани на коректен македонски јазик.

При поднесувањето на ракописот за печатење, авторот/авторите ги пренесуваат сите авторски права на Македонски стоматолошки преглед.

Редакцијата не ги ограничува авторите во однос на должината на трудот, но го задржува правото да побара од авторите, ако биле премногу опширни да го збијат текстот, без да ја нарушат концепцијата на трудот.

Бидејќи списанието се придржува на Ванкуверскиот систем за биомедицински списанија, авторите ги упатуваме на преводот *Изедначени барања за ракописите што се испраќаат за објавување во биомедицинските списанија*, објавен во МАКЕДОНСКИ СТОМАТОЛОШКИ ПРЕГЛЕД 1988; 12(3-4):61-72. Фотокопија од преводот можете да добиете од Редакцијата.

За да се одбегнат многубројните корекции во фазата на обработката на текстовите, а со цел да се намалат печатарските трошоци, ги молиме авторите да се придржуваат кон упатствата што ќе ги дадеме.

Сите страници, вклучувајќи ја насловната, табелите и легендите за сликите треба да се нумерираат последователно во горниот десен агол на листот.

Насловната страна треба да содржи: 1. наслов на ракописот отчукан со големи букви; 2. автор/авторите, со полно име и презиме, отчукани со мали букви; 3. Институцијата/институциите на кои им припаѓа/ат; и најдолу на листот, адреса и телефонски број на авторот или еден од авторите одговорен за кореспонденција.

Апстракт. Најнапред, уште еднаш наведете го насловот на ракописот. Апстрактот треба да претставува кус извадок од вкупната работа што се опишува во ракописот (вовед, материјал, метод, резултати, по желба, и дискусија, и заклучоци). Во него треба да се нагласат сопствените и важни аспекти на студијата или опсервациите; не треба да се служите со генерализации како на пр. "се дискутира за значењето на наодите". Апстрактот би требало да е отприлика една петтина од должината на трудот, но да не пречекори една чукана страна, заедно со предлогот на авторот за клучни зборови, усогласени со тие што ги користи INDEX MEDICUS и кои се наведуваат под апстрактот.

На посебна страница приложете го и преводот на апстрактот на англиски јазик. Тој треба да содржи наслов, отчукан со големи букви, автор/автори, со полно име и презиме, со мали букви, подзаглавие "Abstract" и превод на текстот од апстрактот на македонски јазик.

Вовед. Третата страница треба да ја отпочнете со краток вовед во кој накусо ќе ја изнесете целта на трудот со информативен осврт на најважните литературни податоци за проблемот (без резултати или заклучоци).

Материјал и методи. Опишете ги внимателно и јасно употребените методи и видот на статистичките анализи. Ако сте користеле тестови за сигнификантност, пожелно е да се опише методот на кој се добиени. Референците во овој дел од трудот мора де се само за претходно објавени методи. За сите комерцијални производи и апаратури треба да ги наведете точно сите податоци, во заграда: назив на произведувачот, модел, град и земја, изворно. Пожелно е за лековите и употребените хемиски средства да го дадете генеричкото име, дозирањето и начинот на примена.

Резултати. Резултатите прикажете ги без сопствен коментар; не ги поврзувајте со податоците од литературата. Овој дел на трудот е предвиден за да ни ги претстави табелите и сликите, со тоа што е пожелно да се нагласат текстуално само најважните опсервации. Бројот на табелите и сликите ограничете ги на неопходните. Како замена за некои табели пожелно е резултатите да ги прикажете на графикони. Не ги дуплирајте резултатите во табели и графикони.

Секоја **табела** треба да е отчукана на посебен лист и да содржи: број (арапски) и информативен наслов. Секоја колона треба да добие најгоре, или полн наслов или кратенка. Табелите треба да бидат самостојно информативни колку што е можно повеќе, така што презафатениот читател да може да ги користи податоците и без детално проучување на текстот. Ако користите кратенки, на дното од табелата, како фуснота, додајте и објаснување за кратенките, доколку тие не се стандардизирани. За фуснотите користете препознатливи симболи, како, *, +, ‡, †, § и други. За табелите не користите вертикални линии како граничници, туку оставете доволно празен простор меѓу колоните. Хоризонталните ли-

Р. II 1016,

МАКЕДОНСКИ СТОМАТОЛОШКИ ПРЕГЛЕД С
1992·година XVI· бро

детска и превентивна стоматологија

Волуменска густина на лимфоцити и плазма келии при различни степени на хистолошка инфламација на гингивата кај деца од училишна возраст. *Царчев М.* . . . . . .
Личноста на стоматологот и нејзината улога во работата со деца. *Мирчева М.* . . . . . .
Кариес фреквенција на млечни заби кај деца болни од јувенилен дијабетес. *Илјовска С.* . . .
Можности за превентивен и превентивно-терапевтски третман на патолошките фисури на забите. *Бајрактарова Б., Доцевска В., Јанкуловска М., Солева В., Сотировска А., Стевановиќ ММ.* . . . . . .
Промени во пулпата на млечните заби во фаза на ресорпција. *Георгиев З., Цветковски П., Нечева Љ., Оровчанец Н., Сотировска А., Ковачевск*

ортодонција

Приказ на неколку ретки случаи од ортодонтската казуистика. *Зужелова М., Лазаревска Смилева-Нацевска М.* . . . . . .

орална епидемиологија

Состојбата на оралното здравје и потребната санација на населението од Македонија. *Нечева Љ. и сор.* . . . . . .
Проблемот на зачувување на здравјето на забите кај возрасната популација. *Мирчева М., Петреска М., Илјовска С., Еленчевска С.* . . . . . .
Флуорот во водата за пиење и кариес фреквенцијата во ендемски подрачја на Македонија. *Царчев М., Ѓорѓев Д., Нечева Љ., Доцевска В., Филјански П.* . . .

преглед на објавени статии 1991 г . . . . . .

Македонски стоматолошки преглед е официјален орган на Стоматолошкиот факултет и Стоматолошката секција при Македонското лекарско друштво

Главен и одговорен уредник - МИРЧЕВ Ефтим
Помошник на главниот уредник - НАКОВА Марија
Секретар - ТРАЈКОВСКА Лидија

Адреса - Македонски стоматолошки преглед, Водњанска 17, 91000 Скопје, тел. (091)233-2
Жиро сметка - 40100-607-1809, РЗ Стоматолошки факултет, за Македонски стоматолошк

Редакциски одбор
ЗУЖЕЛОВА Марија, ЈАНЕВ Јордан, ЛАЗАРЕВСКИ Слободан, МАТОВСКА Љупка, МИР МИРЧЕВА Мила, НАКОВА Марија, ФИЛЈАНСКИ Марко, ШАБАНОВ Ерол

Издавачки совет
БОГДАНОВСКИ Игнат, претседател, АТАНАСОВСКИ Зоран, БОЈАЏИЕВ Тодор, ВАСКОВ Илија, ВЕЛЕСКИ Драги, ГЕОРГИЕВСКИ Симеон, ДАСКАЛОВСКИ Кирил, ДИМИТРОВСКИ Вангел, ИЉОВСКА Снежана, ЈАЈЧАРОСКИ Ѓорѓи, ЛАЗАРЕВСКА Бл НЕЧЕВА Љубинка, МИТЕВ Александар, ОЏАКЛИЕВСКА Славјанка, ПАНОВСКА Слобо ПЕТКОВА Елена, СИМОВ Ѓорѓи, СИМОНОВСКИ Методија, СТЕВАНОВИЌ Мирослава ТРАЈАНОВСКИ Миле, ТУЏАРОВ Томе

Лектор за македонски јазик - ПАВЛОВСКА Оливера

Претплата	(годишна)	Поединечен број	Странство
Индивидуална	10000 денари	5000 денари	30 DM
Студенти	6000 денари	3000 денари	20 DM
Установи	25000 денари	12500 денари	50 DM

Списанието е печатено со финансиско учество на Министерството за наука на Република Македонија.

Печати: НИПРО "Нова Македонија" - РЕ Печатница - Скопје, тираж - 1300 примероци

MEDICINSKI FAKULTET - SKOPJE
BIBLIOTEKA
Sg. [illegible]
Inv. br. 03646

MAKEDONSKI STOMATOLOŠKI PREGLED
1992·Volume XVI · Number 1 ·Pages 3 -61

Contents

preventive dentistry

Volume dentisity of limphocytes and plasma cells at different stages of histological inflamation of gingiva among school age children. *Carčev M.* . . . 3
The person of the dentist and its role in the treatment of children. *Mirčeva M.* . . . 9
Deciduous teeth caries frequency in children suffering from juvenile diabetes. *Iljovska S.* . . . 13
Possibilities for preventive and preventive-therapeutic approach to dental fissures treatment. *Bajraktarova B., Docevska V., Jankulovska M., Soleva V., Sotirovska A., Stevanović MM.* . . . 18
Alteration of deciduous teeth dental pulp in stage of resorption. *Georgiev Z., Cvetkovski P., Nečeva Lj., Orovčanec N., Sotirovska A., Kovačevska I.* . . . 23

orthodontics

A report on several rare cases from the orthodontic practice. *Zuželova M., Lazarevska E., Smileva-Nacevska M.* . . . 30

oral epidemiology

Oral health in Macedonia. *Nečeva Lj et al.* . . . 38
The problem of dental health among adult population. *Mirčeva M., Petreska M., Iljovska S., Elenčevska S.* . . . 47
Drinking water fluoride levels and caries frequency in Macedonian endemic districts. Carčev M., Dordev D., Nečeva Lj., Docevska V., Filjanski P. . . . 51

Published papers in 1991 . . . 59

Makedonski Stomatološki Pregled is an official organ of the Macedonian Faculty of Dentistry and the Macedonian Dental Association - Skopje.

Editor in chief - MIRČEV Eftim
Associate editor - NAKOVA Marija
Secretary - TRAJKOVSKA Lidija

Address - Makedonski Stomatološki Pregled, Vodnjanska 17, 91000 Skopje, Macedonia, phone (091)233-221
Payment to account - 40100-607-1809 RZ Stomatološki fakultet, za Makedonski stomatološki pregled

Editorial Board
ZUŽELOVA Marija, LAZAREVSKI Slobodan, MATOVSKA Ljupka, MIRČEV Eftim, MIRČEVA Mila, JANEV Jordan, NAKOVA Marija, FILJANSKI Marko, ŠABANOV Erol

Editorial Council
BOGDANOVSKI Ignat, president, ATANASOVSKI Zoran, BOJADŽIEV Todor, VASKOV Ilija, VELESKI Dragi, GEORGIEVSKI Simeon, DASKALOVSKI Kiril, DIMITROVSKI Vangel, ILJOVSKA Snežana, LAJČAROSKI Dordi, LAZAREVSKA Blagorodna, MITEV Aleksandar, NEČEVA Ljubinka, ODŽAKLIEVSKA Slavjanka, PANOVSKA Slobodanka, PETKOVA Elena, SIMOV Dordi, SIMONOVSKI Metodija, STEVANOVIĆ Miroslava, TRAJANOVSKI Mile, TUDŽAROV Tome

Macedonian language editor - PAVLOVSKA Olivera

Subscription rates	(annual)	Separate issue	Abroad
Individual	10000 denars	5000 denars	30 DM
Students	6000 denars	3000 denars	20 DM
Institutions	25000 denars	12500 denars	50 DM

This issue is realised with financial support of the Ministry of Science of Macedonia.

Printed by: NIPRO „Nova Makedonija„ - RE Pečatnica - Skopje, 1300 copies per issue

СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ
Клиника за детска и превентивна стоматологија

ВОЛУМЕНСКА ГУСТИНА НА ЛИМФОЦИТИ И ПЛАЗМА КЕЛИИ ПРИ РАЗЛИЧНИ СТЕПЕНИ Н ХИСТОЛОШКА ИНФЛАМАЦИЈА НА ГИНГИВАТА КАЈ ДЕЦА ОД УЧИЛИШНА ВОЗРАСТ

Царчев М.

Квалитативно-квантитативните алтерации на то ткиво, во состојба на иницијална пародонтална лези училишна возраст беа проследени на биоптичен материја пациенти (15 на 12, 15 на 15 и 15 на 18-годишна возраст).

Заради добивање прецизни податоци за број компетентните келии извршена е стереометриска анал лошките препарати, при што е одредувана волуменската на лимфоцитите и плазма-келиите.

Анализата на добиените податоци покажа дек со зголемувањето на степенот на хистолошката инфлама сигнификантно зголемување на бројот на лимфоцитите лиите ($p<0.001$), што укажува на имунолошкиот карактер ната пародонтална лезија во детската возраст.

Имајќи го предвид можниот цитотоксичен ефе цитите и плазма-келиите.врз фибробластите (таргет-келии фикантното зголемување на волуменската густина на ли плазма-келиите, особено при потешките степени на инфла статирано при нашите испитувања, се укажува на фактот д на иницијална пародонтална лезија треба да се очекуваат на фибробластите и намалување на нивниот број, што пос би водело кон редукција на колагенот кој ја претставува г пора на пародонталните ткива.

Клучни зборови: гингива; пародонтални заболувања; школска стомато фоцити; плазма-келии; фибробласти

Во инфламираната гингива најзначаен патолошки процес претставува оштетувањето на сврзното ткиво, посебно на колагенот, кој претставува главна потпора на пародонталните повеќе од две децении Moller на фактот дека лимфоцитит келиите чувствителни на а